# ♟ МЕЃУНАРОДЕН ШАХОВСКИ ТУРНИР
## „STRUMICA OPEN – ЦАРЕВИ КУЛИ“ 2026

22–25 октомври 2026 година | Хотел „Сириус“ – Струмица

**Организатор:** Шаховски клуб „Цареви Кули“ – Струмица

**Директор:** Крсте Танчевски

### 1. ТУРНИР А – РЕЈТИНГ ДО 2200

Отворен турнир за шахисти со FIDE рејтинг до 2200. Турнирот ќе се игра по швајцарски систем од 7 кола и ќе се рејтингува.

Темпо: 60 минути + 30 секунди по потег, од првиот потег. Дозволено доцнење: 15 минути.

Во првите четири кола, играчот може со претходна најава да побара слободно коло (да не игра во тоа коло) и за него добива ½ поен.

Турнирот се игра според Правилата на ФИДЕ за стандарден шах, кои важат за двата турнира.

### 2. ТУРНИР Б – ДЕЦА ДО 12 ГОДИНИ (родени 2014 или помлади)

Детски турнир за момчиња и девојчиња до 12 години, со наградување по категории до 8, 10 и 12 години.

Темпо: 60 минути + 30 секунди по потег, од првиот потег. Дозволено доцнење: 15 минути.

Правилата за игра се исти како за Турнир А.

### 3. МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Турнирите ќе се одржат во Хотел „Сириус“ – Струмица.

### 4.1 НАГРАДЕН ФОНД – 100.000 ДЕНАРИ (ТУРНИР А)

Вкупниот паричен фонд за Турнир А е 100.000 денари: 78.000 ден. за главни награди и 22.000 ден. за специјални награди. Турнир Б има посебен награден фонд (види точка 4.2).

**Главни – 78.000 ден.**

| Пласман | Награда |
|---|---|
| 1. | 25.000 ден. |
| 2. | 18.000 ден. |
| 3. | 12.000 ден. |
| 4. | 8.000 ден. |
| 5. | 6.000 ден. |
| 6. | 4.000 ден. |
| 7. | 3.000 ден. |
| 8. | 2.000 ден. |
| **Вкупно** | **78.000 ден.** |

**Специјални – 22.000 ден.**

| Специјални награди | Износ |
|---|---|
| Најдобар шахист од Струмица | 2.000 ден. |
| Најдобар шахист од ШК „Цареви Кули“ Струмица | 2.000 ден. |
| Најдобро пласирана шахистка | 2.000 ден. |
| Најдобар до 18 години (2008 и помлади) | 2.000 ден. |
| Најдобар до 16 години (2010 и помлади) | 2.000 ден. |
| Најдобар до 14 години (2012 и помлади) | 2.000 ден. |
| Најдобар ветеран над 60 години | 2.000 ден. |
| Најдобар со FIDE рејтинг до 2000 | 2.000 ден. |
| Најдобар со FIDE рејтинг до 1800 | 2.000 ден. |
| Најдобар со FIDE рејтинг до 1600 | 2.000 ден. |
| Најдобар без FIDE рејтинг во стандарден шах | 2.000 ден. |
| **Вкупно** | **22.000 ден.** |

Наградите не се делат. Шахист кој освојува повеќе награди ја добива повисоката, а при еднаков износ предност има главната награда.

## 4.2 НАГРАДЕН ФОНД – 12.000 ДЕНАРИ (ТУРНИР Б)

Вкупниот награден фонд за Турнир Б е 12.000 денари. Покрај паричните награди, се доделуваат и пехари, медали и дипломи по возрасни категории до 8, 10 и 12 години, посебно за момчиња и девојчиња.

| Пласман | Награда |
|---|---|
| 1. место | 5.000 ден. |
| 2. место | 3.000 ден. |
| 3. место | 2.000 ден. |
| Најдобар шахист од Струмица | 1.000 ден. |
| Најдобро пласирана шахистка | 1.000 ден. |
| **Вкупно** | **12.000 ден.** |

## 5. РАСПОРЕД НА ИГРА

| Датум | Време | Активност |
|---|---|---|
| 22 октомври – четврток | 15:00–16:30 | Пријавување и потврда на учество |
| | 16:30 | Свечено отворање |
| | 17:00 | 1. коло |
| 23 октомври – петок | 10:00 | 2. коло |
| | 16:00 | 3. коло |
| 24 октомври – сабота | 10:00 | 4. коло |
| | 16:00 | 5. коло |
| 25 октомври – недела | 9:30 | 6. коло |
| | 13:00 | 7. коло |
| | 16:00 | Завршна церемонија и доделување награди |

## 6. КОТИЗАЦИЈА

Турнир А – возрасни: 1.300 денари по учесник.

Турнир Б – деца до 12 години: 1.000 денари по учесник.

## 7. ПРАВО НА УЧЕСТВО И ПРИЈАВУВАЊЕ

На турнирот можат да учествуваат шахисти од Македонија и странство. За Турнир А услов е FIDE рејтинг ≤ 2200. На Турнир Б можат да настапат деца родени 2014 година или помлади. Организаторот го задржува правото да покани играчи надвор од критериумите во расписот.

Пријавата треба да содржи: име и презиме, FIDE ID, клуб, држава, FIDE рејтинг, година на раѓање и контакт телефон. **Краен рок за пријавување: 21 октомври 2026 година.** Бројот на учесници е ограничен.

## 8. КРИТЕРИУМИ ЗА ПЛАСМАН

Во случај на еднаков број поени, се применуваат следните дополнителни критериуми, по овој редослед:

1. Бухолц -1 (без најслабиот противник)
2. Бухолц
3. Меѓусебна средба
4. Прогрес
5. Поголем број победи

## 9. СМЕСТУВАЊЕ

За учесниците и нивните придружници ќе биде обезбедена можност за сместување во Хотел „Сириус“ – Струмица, со посебни услови за учесниците на турнирот. Деталите ќе бидат објавени дополнително.

## 10. КОНТАКТ

Звонко Пецев: +389 75 257 068
Катерина Танчева: +389 78 399 046
Зоран Илиќ: +389 75 404 037

Facebook: facebook.com/carevikuli.chessclub
Веб-страница: www.carevikuli.com




# ♟ ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО СТРУМИЦА!

*„Шахот ги поврзува генерациите.“*

Шаховски клуб „Цареви Кули“ – Струмица • Општина Струмица • Хотел „Сириус“